ОДУ.бр.286/19

Република Македонија

**НОТАР**

**НАДА ПАЛИЌ**

за подрачјето на основните
судови на градот Скопје
ул."Пролет" број 35А Скопје

**2019.05.30**

# ЗАПИСНИК

**од Годишно Собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје**

Република Македонија
**Н О Т А Р**
**НАДА ПАЛИЌ**
на подрачјето на основните
судови на град Скопје
ул."Пролет"број 35А Скопје
2019.05.30
11:00(единаесет)часот

**ОДУ.бр.286/19**

**ИЗВОД**

Јас, **Нотар Нада Палиќ** од Скопје ул."Пролет"број 35А, потврдувам дека во двеилјадитаидеветнаесета година, месец мај, ден триесети, врз основа на писмено Барање од НЛБ Банка АД Скопје, заведено под број 02-10756 од 20.05.2019 година, кое е прилог на овој записник, да присуствувам на Годишно Собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје, закажано за ден 30.05.2019 (ден триесети, месец мај, двеилјадитаидеветнаесета) година, со почеток во 11:00 (единаесет) часот, во седиштето на НЛБ Банка АД Скопје на ул."Мајка Тереза" број 1 Скопје, заради превземање на службено дејствие согласно член 92 од Законот за нотаријатот и член 383 и 384 од Законот за трговските друштва, а во врска со член 298 од истиот закон, како повикан Нотар да потврди Одлуки на Годишно собрание на акционери, го сочинив следниот ------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

## ------------------------------------------З А П И С Н И К------------------------------------------

## ----------------од Годишно Собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје ----------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Пред отпочнување на службеното дејствие утврдив дека:-------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

НЛБ Банка АД Скопје, ЕМБС 4664531, со седиште на ул "Мајка Тереза" број 1 Скопје е запишано во единствениот трговскиот регистар при Централниот Регистар на Република Северна Македонија - Скопје, видно од увид во Тековна состојба /електронски издаден документ/ издадена од Централен Регистар на Република Северна Македонија – Трговски регистар и регистар на други правни лица под број 0805-50/150020190396068 од 30.5.2019 година.-------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Согласно Акционерската Книга на НЛБ Банка АД Скопје издадена на ден 30.05.2019 година – 09:02:00 часот од Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, која се води под ISIN MKTNBA101019, која е прилог на овој записник, утврдив дека издавачот НЛБ Банка АД Скопје издало под Вид-Обични акции, со номинална вредност по ХВ: 1000 (еднаилјада) МКД, со вкупен број на ХВ: 854061 (осумстотинипедесети четириилјадиишеесетиеден), со вкупен номинален капитал од 854.061.000 МКД (осум стотинипедесети четиримилиониишеесетиеднаилјададенари), број на гласови 854061 (осумстотинипедесетичетириилјадии шеесетиеден), состојба-Активен, број на иматели 831 (осумстотиниитриесетиеден), со број на сопственички позиции 842 (осумстотиниичетириесетидва).-----------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Од увидот во Акционерска книга, утврдив дека акционери на НЛБ Банка АД Скопје се физички и правни лица.---------------------------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Седницата на Собранието е свикана врз основа на член 41 од Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, а согласно Одлука за свикување на Годишно собрание на НЛБ Банка АД Скопје и за утврдување на дневен ред за Собранието донесена од Надзорниот одбор на Банката на ден 25.04.2019 година, заведена под број 0203-454 од 25.04.2019 година, која е прилог на овој записник и на начин определен во член 387 од Законот за трговските друштва, со Јавен повик во дневен весник "Слободен печат" од 30.04.2019 (ден триесети, месец април, двеилјадитаидеветнаесета) година, во кој е објавен дневниот ред на Годишното собрание на акционери, кој е прилог на овој записник и на начин определен во член 387 од Законот за трговските друштва. ------------------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Седницата на Собранието започна во 11:14 часот (единаесетчасотичетиринаесетминути) и ја отвори акционерот Донка Марковска - Претседавач на претходната седница, која најпрвин ги поздрави присутните акционери и менаџметот на Банката и констатира дека во законскиот рок е објавен јавниот повик за свикување на Годишно Собрание на акционери, а врз основа на потпишаниот Список на присутни акционери односно нивните полномошници со што го верификуваа своето присуство на Собранието (верификуван учесник на Собранието), а кој список е прилог на овој записник,така што од вкупниот број 853.245 обични акции со право на глас, присутни се акционери кои поседуваат **748.351 акции со право на глас** што претставува **87,7 %** од вкупниот број на акции со право на глас за ова Собрание, согласно акционерската книга која е издадена 24 часа пред одржувањето на ова Собрание, што значи дека на седницата на Собранието се присутни верификувани учесници кои поседуваат најмалку мнозинство од вкупниот број на акции со право на глас, односно обично мнозинство, што значи Собранието има кворум и може да одлучува по сите точки од дневниот ред, со прилог кон истиот Известување за учество на Собранието на акционери на НЛБ Банка АД Скопје, 30.05.2019 од доминатниот акционер Нова Љубљанска Банка д.д. Љубљана за неговото присуство преку полномошник адвокат Бранко Радојчиќ од Скопје, врз основа на Полномошно дадено од доминатниот акционер Нова Љубљанска Банка д.д. Љубљана од 21.05.2019 година, заверено кај Нотар Миро Кошак од Љубљана под бр.ОВ 2564/2019 од 22.05.2019 година.------------------------------------------

Акционерот Донка Марковска истакна дека Списокот на присутни акционери на Собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје со свој потпис ќе го завери Претседавачот на Собранието и Нотарот. Од верификуваниот список за присуство Претседавачот објави дека Собранието има потребен кворум за работа и истото полноважно може да донесува одлуки по сите точки на дневниот ред, согласно Законот за трговските друштва и Статутот на Банката.----------------------------------------------------------

Акционерот Донка Марковска истакна дека предлогот на дневниот ред е објавен во Јавниот повик и на официјалната интернет страница на друштвото за свикување на денешната седница на Годишното собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје и предлози за измени и дополнувања на дневниот ред до овој момент не се поднесени, на за денешното Годишното собрание на акционери се предлага следниот:----------

**ДНЕВЕН РЕД**

**1.Избор** на претседавач на Собранието; ----------------------------------------

**2.Избор** на записничар и на бројач на гласови на Собранието; ----------------------------

**3.Годишен извештај** за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2018 година, со----------------

***Мислење на Надзорниот одбор** по Годишниот извештај за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2018 година;--------------------------------------------

***Предлог – Одлука** за усвојување на Годишниот извештај за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2018 година; --------------------------------------------

**4.Извештај** на Друштвото за ревизија Грант Тортон-ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, за 2018 година, со ----------------------------

*Извештај за контрола и Мислење на Надзорниот одбор по Извештајот на Друштвото за ревизија Грант Тортон-ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, за 2018 година; --------------------------------------------

***Предлог – Одлука** за усвојување на Извештајот на Друштвото за ревизија Грант Тортон-ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје за 2018 година; ---------------------

**5.Извештај** на Друштвото за ревизија Ернст и Јанг Овластени ревизори-ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за Финансиско известување за 2018 година со;------------------------------------

•**Извештај за контрола и Мислење на Надзорниот одбор** по Извештајот на Друштвото за ревизија Ернст и Јанг Овластени ревизори-ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување за 2018 година; ----
•**Предлог – Одлука** за усвојување на Извештајот на Друштвото за ревизија Ернст и Јанг Овластени ревизори ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување за 2018 година; ----------------------

6.**Годишен извештај** за работењето на Надзорниот одбор во 2018 година со вклучени резултати од поединечна и колективна **Оцена** на работата на членовите на Надзорниот одбор за 2018 година;-------------

•**Предлог – Одлука** за усвојување на Извештајот за работата на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје за 2018 година; ----------------------------------------------------------------------------------------

7. **Предлог – Одлуки** за одобрување на работата на членовите на Надзорен одбор; -----------------------

8.**Годишен извештај** за работењето на Управниот одбор во 2018 година, со-----------------------------

* **Предлог – Одлука** за усвојување на Извештајот за работа на Управниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје за 2018 година;---------------------------------------------------------------------------------------------

9.**Предлог - Одлуки** за одобрување на работата на членовите на Управниот одбор; ----------------------

10.**Предлог – Одлука** за усвојување на годишна сметка на НЛБ Банка АД Скопје за 2018 година;-------------

11.**Предлог – одлука** за употреба и распоредување на добивката по годишната сметка на НЛБ Банка АД Скопје за 2018 година; -----------------------------------------------------------------------------------

12.**Предлог – одлука за** распределба на дивиденда и утврдување на дивиденден календар на НЛБ Банка АД Скопје за 2018 година; --------------------------------------------------------------------------------

13.**Предлог – Одлука** за изменување и дополнување на Статутот на НЛБ Банка АД Скопје; -----------------

14.**Предлог – одлука** за назначување Друштво за вршење ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје за 2019 година;---------------------------------------------------------------------------

15.**Информација** за поднесена оставка од член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје;---------------

16.**Предлог – одлука** за именување на член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје.------------------

Акционерот Донка Марковска вака Предложениот Дневен ред го стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека предложенит Дневен ред е едногласно усвоен. ЗА предлогот гласаа 748.351 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.---------------------------------

Се констатира дека предложениот Дневен ред е усвоен.-----------------------------------------------------

Акционерот Донка Марковска истакна дека материјалите од ова Собрание согласно јавниот повик за свикување на Годишното собрание беа достапни за увид во просториите на НЛБ Банка АД Скопје, во Секторот за правни работи и секретаријат, секој работен ден од 10:00 до 13:00 часот од денот на објавувањето на јавниот повик, како и на интернет страницата на НЛБ Банка АД скопје www.nlbmk, а увид беше овозможен и пред почетокот на седницата на Собранието.--------------------------------------

---

Се премина на точка 1 од Дневниот ред **Избор на Претседавач на Собранието**.------------------------------------

---

Акционерот Донка Марковска истакна дека согласно член 48-а од Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, со седницата на Собранието претседава Претседавач, кој се избира за секое одделно Собрание. Со оглед на тоа што неговиот мандат истекува со изборот на претседавач на оваа седница на Собранието отвори расправа по првата точка од дневниот ред. Исто така појасни дека согласно законските прописи претседавач на Собранието може да биде избран секој акционер или лице кое што застапува акционер, а не може да биде избран член на Управниот одбор или член на Надзорниот одбор, па праша дали има предлози за претседавач на Собранието. За збор се јави акционерот Нова Љубљанска Банка д.д. Љубљана-застапувана од полномошник адвокат Бранко Радојчиќ од Скопје, па за Претседавач на ова Собрание го предложи акционерот Донка Марковска. На ваквиот предлог акционерот Донка Марковска праша дали има некој забелешки и дали има друг предлог, па како никој немаше друг предлог, ваквата Предлог-Одлука ја стави на гласање на Собранието, која е прилог на овој записник. Гласањето е јавно. ЗА предлогот гласаа 748.351 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема. ------------------------------------

---

Акционерот Донка Марковска констатира дека Собранието донесе **Одлука за избор на Претседавач на Собранието**, односно **Претседавач на Собранието на акционери**, согласно член 395 став 2 од Законот за трговските друштва е избран **акционерот Донка Марковска**, ул.Васил Стефановски број 30 Скопје, со лична карта број А0860932; ЕМБГ 2708976455010 издадена од МВР Скопје на ден 28.03.2011 година.---------

---

Претседавачот на собранието Донка Марковска се заблагодари за изборот и довербата и премина на точка 2 од Дневниот ред **Избор на Записничар и бројач на гласови на Собранието**.------------------------------------

---

Претседавачот на собранието за записничар на денешното Собрание на акционери ја предложи Нотар Нада Палиќ од Скопје, кој ќе го води и изготви Записникот од оваа седница на Собранието и ја предложи за бројач на гласови на денешното Собрание на акционери Наташа Чадиковска Поповска-правник во Секретаријатот при Сектор за правни работи и секретаријат. Претседавачот на собранието праша дали има некој забелешки и дали има друг предлог, па како никој немаше друг предлог, ваквата Предлог-Одлуката за избор на записничар и бројач на гласови на Собранието, која е прилог на овој записник, ја стави на гласање. Гласањето е јавно. ЗА предлогот гласаа 748.351 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.-

---

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за избор на записничар и бројач на гласови на Собранието**, со содржина како Предлог-Одлуката.------------------------------------

---

Се премина на точка 3 од Дневниот ред **Годишен извештај** за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2018 година, со------------------------------------

---

*__Мислење на Надзорниот одбор__ по Годишниот извештај за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2018 година;------------------------------------

*__Предлог – Одлука__ за усвојување на Годишниот извештај за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2018 година; ------------------------------------

---

Претседавачот на собранието истакна дека согласно Законот за банките, Надзорниот одбор на Банката го одобрува Годишниот извештај за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2018 година и доставува писмено Мислење кон Годишниот извештај за работењето на Банката во 2018 година од Надзорниот одбор до Собранието на Банката, кои се прилог на овој записник, па праша дали некој бара збор. За збор се јави Претседателот на Управниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје Г-дин Антонио Аргир кој се заблагодари на присуството и истакна дека во неговото излагање ќе ги презентира условите во кои Банката работеше во текот на 2018 година и финансиските и оперативните резултати кои се остварени следејќи ја стратегијата, визијата и мисијата на Банката.------------------------------------

---

*Како што знаете, во текот на 2018 година имавме повеќе случувања на домашната и меѓународната политичка сцена кои дадоа позитивен импулс за интеграциските процеси на Република Северна Македонија
------------------------------------

кон евроатланските структури и економските перспективи на земјата и регионот. Растот на БДП од 3,0% и 3,7% во последните два квартали од 2018 година, како и растот на индустријата од над 5% на годишно ниво,укажува дека бизнисот е возможен само во услови на стабилни институции и пазари. Банкарскиот сектор исто така беше активен во поддршка на компаниите и населението со раст на кредитите од 7,3% при пораст на депозитите за 10,5%. Беше забележано подобрување на квалитетот на кредитното портфолио при што учеството на нефункционалните кредити се намали на 5,2%. Во наредниот период, очекуваме интензивирање на активностите за подобрување на економскиот амбиент и одржување на позитивната клима, што би требало да резултира во засилен инвестициски циклус неопходен за долгорочен економски развој на земјата. ---

---

За НЛБ Банка АД Скопје, 2018 година заврши со исклучително добри резултати, при што значаен удел во добивката, покрај пласманот на банкарски и небанкарски продукти, управувањето со трошоците и со нефункционалните пласмани, имаше продажбата на НЛБ Нов пензиски фонд, која се финализираше во месец март. ---

Остварената нето-добивка на Банката за 2018 година изнесува 34,5 милиони ЕУР, додека реализираниот поврат на капиталот РОЕ изнесува 23,5%. Учеството на оперативните трошоци во вкупните нето приходи изнесува 37,0% додека учеството на некаматните приходи во вкупните нето приходи изнесува 38,6%. Заработката по акција изнесува 40 ЕУР и е на ниво од претходната година, а предложената дивиденда изнесува 28 ЕУР по акција или 70% од заработката за 2018 година. ---

Вкупната актива на Банката достигна 1.330,5 милиони ЕУР или 8,0% повеќе во однос на 2017 година како резултат на растот на депозитите за 7,8%, додека кредитите пораснаа за 6,8% предводени од сегментот население. Уделот на нефункционалните пласмани се задржа на 4,3% во вкупното кредитно портфолио, додека адекватноста на капиталот на Банката изнесуваше 16,7%.---

И во 2018 година, Банката ја задржа позицијата на втора системски најзначајна Банка во државата, а со своите продажни активности успеа да го зголеми или одржи пазарното учество во различни сегменти од банкарското работење, и тоа: ---

- 16,3% според вкупната актива, 17,6% кај кредитирањето, 17,4% кај депозитите, 25,4% во прометот на девизниот пазар, 17,8% според бројот на сметки на физички и правни лица, 30,6% според прометот преку картички и 35,0% според прометот преку мрежата на ПОС терминали на Банката.

А горди сме на тоа што и секој четврт вработен во нашата држава ја прима својата плата преку НЛБ Банка.Зад добрите финансиски резултати во 2018 година стојат реализирани бројни продажни активности и пазарни иницијативи преку кои на малите и средни претпријатија и големите компании им понудивме кредитни продукти за долгорочни инвестициски проекти и обртен капитал, можност за краткорочно и брзо финансирање преку дозволен лимит на трансакциска сметка, 24-часовни платежни услуги преку електронските канали на Банката, управување со готовината, финансиски услуги и советување за корпоративни клиенти активни на регионалните пазари каде што е присутна НЛБ Групацијата, финансиски бенефиции за извозно-ориентираните компании, како и советодавни услуги за трансакции на пазарот на капитал. ---

Во сегментот население, фокусот беше ставен на интензивирање на продажбата на станбени кредити и кредити за широка потрошувачка кај домаќинствата директно, или преку посредници и платформи за масовна продажба, понуда на картичните брендови на Мастер и Виза, понуда на картички за лојалност со кешбек функција, понуда на осигурителни продукти за животно, неживотно и пензиско осигурување, понуда на платежните сервиси на мобилната и електронска платформа на Банката, како и понуда на нов најсовремен начин на плаќање со мобилен телефон, т.н. NLB Pay или мобилен паричник. Паралелно со ова, продолживме со активностите за понатамошна автоматизација на процесите и дигитална трансформација на Банката, што ни овозможува продажба на кредитни продукти преку мобилните и електронски платформи а истовремено ќе ја зголеми достапноста на истите до клиентите на Банката преку едноставни процедури. Имајќи предвид дека новите банкарски услуги и продукти базираат на нови бизнис модели и нови информатички технологии, имплементиравме бројни програми за проширување на знаењата на нашите специјалисти, зголемување на компетенциите на нашите таленти и зголемување на вештините на вработените коишто се грижат за нашите клиенти, во духот на НЛБ вредностите. ---

---

Почитувани акционери, како потврда за нашето успешно работење бевме повеќе пати наградени во текот на годината, од кои би ги споменал Најдобра банка во Македонија во 2018 година од финансискиот магазин The Banker по 9-ти пат, "Најдобра банка во Македонија во 2018 година" во рамките на European Business Awards по трет пат, од финансискиот магазин ЕМЕА, како и Најдобра банка во Македонија за 2017 година од финансискиот магазин Euromoney. Со оглед дека нашите вредности подразбираат поддршка на заедницата во која работиме и ги оствaруваме нашите успеси, особено сме горди на Националната награда за најдобри општествено одговорни практики за 2018 година, во категоријата вложување во заедницата со проектот „Пријателство со Специјална Олимпијада Македонија", од Министерството за Економија на Република Македонија. ------------------------------

Почитувани акционери, иднината носи нови можности и нови предизвици. Технолошките промени кои се случуваат на полето на услугите и променtите преференции на клиентите, бараат наша целосна посветеност на развој на нови информациски платформи, дигитални услуги, развој на алатки за предвидување на потрошувачките навики на клиентите, како и развој на каналите за продажба и патиштата до Банката. ------------------------------

Во периодот кој следи, планираме да го задржиме и зголемиме високиот пазарен удел во сегментот население, да го зголемиме пазарниот удел во сегментот компании, да го одржиме високиот пазарен удел во платните сервиси, да продолжиме со развој на современите канали и со понуда на иновативни продукти и услуги во духот на иновативен бренд кој ги води клиентите низ промените што ги носи дигиталната револуција во банкарската индустрија, и воопшто. Нашата стратегија да обезбедиме првокласна услуга за клиентите и уникатно искуство со Банката, веруваме дека ќе ни овозможи и понатаму да ја задржиме вредноста на нашиот бренд како посакуван и признат од клиентите. ------------------------------

На крајот, Би сакал да изразам искрена благодарност во мое лично име и во името на сите вработени во Банката, за Вашата континуирана поддршка и доверба како наши акционери, клиенти и деловни партнери, со надеж дека ќе ја унапредиме заедничката соработка во периодот кој ни претстои.* ------------------------------

------------------------------

За збор се јави акционерот Благој Митров и постави прашање Кој е соодносот на кредитирање население и бизнис? Во однос на исправка на вредност праша колку се отпишаните побарувања по основ на кредити со оглед на тоа што истите не влегуваат во билансите, односно тој имот е резервиран, а се очекуваат приходи ако се продадат?------------------------------

------------------------------

На ова Претседателот на Управниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје Г-дин Антонио Аргир одговори дека соодносот е 60% за население / 40% за бизнис односно корпорејт, а во однос на исправка на вредноста се што е резервирано за 2 години е 100%, а сега по новите прописи за 1 година 100% и истото оди во вонбиласна евиденција, а банката во наредните 10 години ќе продолжи да превзема активности во насока на наплата на истите.Г-дин Антонио Аргир збор и даде на Г-ѓа Виолета Јанева – Директор на срекретаријатот – Сектор за правни работи да даде подетален одговор, па истата истакна дека во однос на отпишаните побарувања Банката нема отпишани побарувања кои што се отпишуваат врз основа на други критериуми освен оние кои се утврдени во Одлуката од НБРСМ и истакна дека точната бројка на отпишани побарувања дополнително може да биде проследена до Акционерот како информација.------------------------------

------------------------------

За збор се јави акционерот Дражен Јоксимовиќ и истакна честитки за постигнататите резултати за 2018 година, како и за 2017 година, како и за понудената голема дивиденда, па праша дали адекватноста на капиталот е причината за таквата исплатата на дивидендата во 2017 година?------------------------------

------------------------------

На ова Претседателот на Управниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје Г-дин Антонио Аргир даде одговор дека повеќе дивиденда е задржана во 2017 година поради законските измени и барањето на Народната банка, тука влијаеа и заштитните слоеви на Базел 3 спрема Европската банка, што сепак беше одлука на доминатниот акционер ------------------------------

------------------------------

За збор се јави акционерот Моме Веселиновски и праша Кој е процентот на адекватноста на капиталот?

------------------------------

На ова Претседателот на Управниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје Г-дин Антонио Аргир одговори дека адкеватноста на капиталот е 15,8% до 16,7 %, што сепак планираниот раст за 2019 година зависи многу од општествените прилики, планираме активности и превземаме иницијативи за пласман во добри и квалитетни проекти кај правни лица, како и дека кај правните лица е се почеста нивната ползаризација, така што кај оние правни лица кои имале резерви сега се многу подобри, а оние кои немале сега стојат многу полошо, така што кога бараме да кредитираме правно лице бараме истото да има добри и квалитетни проекти.--------

------------------------------

---

За збор се јави акционерот Жељко Рудиќ и истакна дека колку него му е познато од 2016 година со новиот директор на банката има добри резултати и упати честитики до новиот менаџмент на банката, па праша дали е возможно да добие план за 2019 година, како што го добил за 2017 година? ---

---

На ова Претседателот на Управниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје Г-дин Антонио Аргир одговори дека добрите резултати од работењето во Банката се резулатат на цели генерации, каде е створена база со добра континуирана работа. Во однос планот за 2019 година, истакна дека Банката има план за 2019 година и стратегија за 2020 година, но во мометот кај мајката односно кај доминатниот акционер се случуваат нови промени во смисол на нејзина приватизација, се превземаат нови иницијативи, а во зависност од економскиот циклус во државата, така што претпоставка на менаџметот на банката е дека економијата ќе биде добра, државата е стабилизирана, инеграциските активности спрема евопската унија се тука, така што базата е добра.Како никој друг не зеде збор, Претседавачот на собранието, Предлог – Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работењето на НЛБ Банка АД Скопје, која е прилог на овој записник, ја стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 748.351 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.---

---

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на НЛБ Банка АД Скопје**, со содржина како Предлог-Одлуката.---

---

Се премина на точка 4 од Дневниот ред **Извештај** на Друштвото за ревизија Грант Тортон-ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, за 2018 година, со ---

---

***Извештај за контрола и Мислење на Надзорниот одбор** по Извештајот на Друштвото за ревизија Грант Тортон-ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, за 2018 година; ---

***Предлог – Одлука** за усвојување на Извештајот на Друштвото за ревизија Грант Тортон-ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, за 2018 година; ---

---

Претседавачот на собранието по оваа точка на дневниот ред истакна дека согласно Законот за банките, Надзорниот одбор на Банката го разгледува Извештајот Друштвото за ревизија за финансиските извештаи и доставува писмено мислење по истиот до Собранието на Банката, а согласно Законот за трговските друштва, Надзорниот одбор на Банката на Собранието му поднесува писмен Извештај за контрола по Извештајот на Ревизорската куќа, за извршена ревизија на финансиските изврштаи за претходната деловна година.---

---

Претседавачот на собранието му даде збор на претставникот Друштвото за ревизија Грант Тортон-ДОО Скопје, Г-ѓа Сузана Ставриќ која ја искажа својата благодарност за целокупната подршка за време на ревизијата од страна на сите вработени и менаџментот на Банката и се надева и на понатамошна успешна соработка, како и дека финансиските извештаи на Банката, објективно ја презентираат, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Банката на 31 декември 2018 година, како и финансиската успешност и паричните текови на Банката за годината што завршува тогаш, во согласност со регулативата на Народна Банка на Република Северна Македонија и со Меѓународните стандарди за финансиско известување.---

---

Претседавачот на собранието отвори расправа по Извештајот на Друштвото за ревизија Грант Тортон-ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, за 2018 година од 28 март 2019 година, со Извештајот за контрола и Мислење на Надзорниот одбор по Извештајот на Друштвото за ревизија Грант Тортон-ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, за 2018 година од 27.03.2019 година, кои се прилог на овој записник и праша дали некој се јавува за збор, како никој не се јави за збор истиот, Предлог – Одлуката за усвојување на Извештај на Друштвото за ревизија Грант Тортон-ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје за 2018 година со Мислење на Надзорниот одбор за истиот, која е прилог на овој записник, ја стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 748.351 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.---

---

---

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за усвојување на Извештај на Друштвото за ревизија Грант Тортон-ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје за 2018 година со Мислење на Надзорниот одбор по истиот**, со содржина како Предлог-Одлуката.----------

---

Се премина на точка **5** од Дневниот ред **Извештај** на Друштвото за ревизија Ернст и Јанг Овластени ревизори-ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување за 2018 година со ----------

---

***Извештај за контрола и Мислење на Надзорниот одбор** по Извештајот на Друштвото за ревизија Ернст и Јанг Овластени ревизори-ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување за 2018 година;
-***Предлог – Одлука** за усвојување на Извештајот на Друштвото за ревизија Ернст и Јанг Овластени ревизори ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување за 2018 година.----------

---

Претседавачот на собранието по оваа точка на дневниот ред му даде збор на претставникот на Друштвото за ревизија Ернст и Јанг Овластени ревизори ДОО Скопје, Г-дин Владимир Соколовски кој истакна дека финансискиот извештај на Банката, објективно ја презентира, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Банката на 31 декември 2018 година, како и финансиската успешност и паричните текови на Банката за годината што завршува тогаш, во согласност со регулативата на Народна Банка на Република Северна Македонија и со Меѓународните стандарди за финансиско известување. Годишниот извештај за работење е конзистентен, во сите материјални аспекти, со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Банката за годината што завршува на 31.12.2018 година. Воедно, тој ја искажа својата благодарност за целокупната подршка за време на ревизијата од страна на сите вработени и менаџментот на Банката и се надева и на понатамошна успешна соработка.----------

---

Претседавачот на собранието отвори расправа по Извештајот на Друштвото за ревизија Ернст и Јанг Овластени ревизори-ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување за 2018 година со Извештајот за контрола и Мислење на Надзорниот одбор по Извештајот на Друштвото за ревизија Ернст и Јанг Овластени ревизори-ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје изготвени во согласност со меѓународните стандарди за финансиско известување за 2018 година од 25.04.2019 година, кои се прилог на овој записник и праша дали некој се јавува за збор, како никој не се јави за збор истиот, Предлог – Одлуката за усвојување на Извештај на Друштвото за ревизија Ернст и Јанг Овластени ревизори ДОО Скопје, за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување за 2018 година со Мислење на Надзорниот одбор за истиот, која е прилог на овој записник, ја стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 748.351 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.----------

---

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за усвојување на Извештај на Друштвото за ревизија Ернст и Јанг Овластени ревизори ДОО Скопје, за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување за 2018 година со Мислење на Надзорниот одбор по истиот**, со содржина како Предлог-Одлуката.----------

---

Се премина на точка 6 од Дневниот ред Годишен извештај за работењето на Надзорниот одбор во 2018 година со вклучени резултати од поединечна и колективна **Оцена** на работата на членовите на Надзорниот одбор за 2018 година;----------

---

***Предлог – Одлука** за усвојување на Извештајот за работата на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје за 2018 година; ----------

Претседавачот на собранието по оваа точка од дневниот ред истакна дека согласно Законот за банките Надзорниот одбор на Банката најмалку еднаш годишно врши оцена на сопствената работа од аспект на поединечните членови и колективно и за тоа го известува Собранието на Банката. Согласно Одлука на НБРСМ за правилата за добро корпоративно управување во банка оцена на соодветноста на членовите на Надзорниот одбор се прави еднаш годишно, а Надзорниот одбор е должен да ги земе предвид резултаттите од извршената оцена и за исите да го извести Собранието на банката. Во оваа насока во Годишниот извештај за работењето на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје, со вклучени резултати од поединечна и колективна оцена на рабоатата на членовите на Надзорниот одбор за 2018 година, кој е прилог на овој записник, вклучени се и резултаттите од извршената поединечна и колективна оцена на работата на членовите на Надзорниот одбор.---

Претседавачот на собранието праша дали некој бара збор и како никој не се јави , Предлог – Одлуката за усвојување на Годишен извештај за работењето на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје во 2018 година со вклучени резултати од поединечна и колективна оцена на работата на членовите на Надзорен одбор за 2018 година, која е прилог на овој записник, ја стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката е едногласно усвоена. ЗА предлогот гласаа 748.351 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.---

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за усвојување на Годишен извештај за работењето на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје во 2018 година со вклучени резултати од поединечна и колективна оцена на работата на членовите на Надзорен одбор за 2018 година**, со содржина како Предлог-Одлуката.---

Се премина на точка **7** од Дневниот ред **Предлог – Одлуки** за одобрување на работата на членовите на Надзорен одбор.---

Претседавачот на собранието истакна дека согласно Законот за трговските друштва, Годишното собрание по завршување на деловната година, задолжително одлучува за работата на сите членови на Надзорниот одбор. За одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор се гласа подделно за секој член на Надзорниот одбор, па ---

Предлог-Одлуката за одобрување на работата на Претседателот на Надзорниот одбор, Блаж Бродњак, која е прилог на овој записник, ја стави на гласање Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката, едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 748.351 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.---

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за одобрување на работата на Претседателот на Надзорниот одбор Блаж Бродњак**, со содржина како Предлог-Одлуката.---

Предлог-Одлуката за одобрување на работата на Заменик-претседателот на Надзорниот одбор, Марјета Звер Цанкар, која е прилог на овој записник, Претседавачот на собранието ја стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката, едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 748.351 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.---

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за одобрување на работата на Заменик-претседателот на Надзорниот одбор Марјета Звер Цанкар**, со содржина како Предлог-Одлуката.---

-Предлог-Одлуката за одобрување на работата на членот на Надзорниот одбор Петер Зелен, која е прилог на овој записник, Претседавачот на собранието ја стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката, едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 748.351 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.---

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за одобрување на работата на членот на Надзорниот одбор Петер Зелен**, со содржина како Предлог-Одлуката.-----

Предлог-Одлуката за одобрување на работата на членот на Надзорниот одбор Винценц Јамник во 2018 година до 27.09.2018 година, поради поднесена оставка од функцијата на 27.09.2018 година, која е прилог на овој записник, Претседавачот на собранието ја стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката, едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 748.351 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.-----

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за одобрување на работата на членот на Надзорниот одбор Винценц Јамник,** со содржина како Предлог-Одлуката.-----

Предлог-Одлуката за одобрување на работата на членот на Надзорниот одбор Абдулменаф Беџети, која е прилог на овој записник, Претседавачот на собранието ја стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката, едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 748.351 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.-----

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за одобрување на работата на членот на Надзорниот одбор Абдулменаф Беџети**, со содржина како Предлог-Одлуката.-----

Предлог-Одлуката за одобрување на работата на членот на Надзорниот одбор Борислав Атанасовски, која е прилог на овој записник, Претседавачот на собранието ја стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката, едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 748.351 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.-----

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за одобрување на работата на членот на Надзорниот одбор Борислав Атанасовски**, со содржина како Предлог-Одлуката.-----

Со Претседавачот на собранието констатира дека е одобрена работата на сите членови на Надзорниот одбор.-----

Се премина на точка **8** од Дневниот ред **Годишен извештај** за работењето на Управниот одбор на НЛБ АД Скопје во 2018 година со-----

- **Предлог – Одлука** за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Управниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје во 2018 година; -----

Претседавачот на собранието по Годишниот извештај за работењето на Управниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје во 2018 година, кој е прилог на овој записник, отвори расправа и праша дали некој бара збор по извештајот и како никој не се јави за збор Предлог-Одлуката за усвојување на Годишен извештај за работењето на Управниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје во 2018 година, која е прилог на овој записник, ја стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката, едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 748.351 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.-----

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за усвојување на Годишнен извештај за работењето на Управниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје во 2018 година**, со содржина како Предлог-Одлуката.-----

Се премина на точка **9** од Дневниот ред **Предлог - Одлуки за одобрување на работата на членовите на Управниот одбор.**-----

Претседавачот на собранието истакна дека согласно Законот за трговските друштва, Годишното собрание по

завршување на деловната година, задолжително одлучува за работата и водењето на работењето на Банката од страна на сите членови на Управниот одбор. За одобрување на работата на членовите на Управниот одбор се гласа подделно за секој член на Управниот одбор, па-----

- Предлог-Одлуката за одобрување на работата на Претседателот на Управниот одбор Антонио Аргир во 2018 година, која е прилог на овој записник, Претседавачот на Собранието ја стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката, едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 748.351 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.-----

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за одобрување на работата на Претседателот на Управниот одбор Антонио Аргир**, со содржина како Предлог-Одлуката.-----

-Предлог-Одлуката за одобрување на работата на член на Управниот одбор Дамир Кудер во 2018 година, која е прилог на овој записник, Претседавачот на собранието ја стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката, едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 748.351 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.-----

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за одобрување на работата на член на Управниот одбор Дамир Кудер**, со содржина како Предлог-Одлуката.-----

Предлог-Одлуката за одобрување на работата на член на Управниот одбор Гинтер Фриедл во 2018 година, која ја извршуваше во период од 18.12.2018 до 31.12.2018 година, која е прилог на овој записник, Претседавачот на собранието ја стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката, едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 748.351 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.-----

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за одобрување на работата на член на Управниот одбор Гинтер Фриедл**, со содржина како Предлог-Одлуката.-----

Со тоа Претседавачот на собранието констатира дека е одобрена работата на сите членови на Управниот одбор.-----

Се премина на точка 10 од Дневниот ред **Предлог - Одлука за усвојување на годишната сметка на НЛБ Банка АД Скопје за 2018 година**; -----

Претседавачот на собранието по оваа точка на дневниот ред истакна дека согласно Законот за банките, Собранието ја усвојува годишната сметка и финансиските извештаи на Банката, па праша дали некој бара збор и како никој не се јави, Предлог – Одлуката за усвојување на годишна сметка на НЛБ Банка АД Скопје за завршената година на 31 декември 2018, која е прилог на овој записник, со составен дел на истата Биланс на успехот во периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 година, Биланс на состојбата на ден 31.12.2018 година Државна евиденција-обраец ДЕ и Образец за структура на приходи по дејности-СПД, ја стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 748.351 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема..-----

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за усвојување на годишна сметка на НЛБ Банка АД Скопје за завршената година на 31 декември 2018**, со содржина како Предлог-Одлуката.-----

Се премина на точка 11 од Дневниот ред **Предлог – Одлука за употреба и распоредување на добивка по годишната сметка на НЛБ Банка АД Скопје за 2018 година.**-----

Претседавачот на собранието истакна дека согласно Законот за банките, Собранието одлучува за употреба и распоредување на остварената добивка по годишната сметка на НЛБ Банка АД Скопје за 2018 година.-----

Претседавачот на собранието праша дали некој бара збор. За збор се јави акционерот За збор се јави акционерот Жељко Рудиќ и истакна дека прочитал во статија на порталот на НЛБ д.д. Љубљана дека кај нејзините подружници 70% ќе се одбојува за дивиденда, а 16% ќе се задржува, па дали е тоа така?-----------
На ова Претседателот на Управниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје Г-дин Антонио Аргир одговори дека нема НЛБ Нака АД Скопје дефинирано таква политика, но ако е можно да се зголеми капиталот единствено би било со субвенционирани кредити.--------------------------------------------------------------------

Како никој друг не се јави за збор Претседавачот на собранието Предлог – Одлуката за употреба и распоредување на остварената добивка по годишната сметка на НЛБ Банка АД Скопје за 2018 година, која е прилог на овој записник, ја стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката е усвоена. ЗА предлогот гласаа 748.351 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.--------------------------------------------------------------------

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за употреба и распоредување на остварената добивка по годишната сметка на НЛБ Банка АД Скопје за 2018 година**, со содржина како Предлог-Одлуката.--------------------------------------------------------------------

Се премина на точка **12** од Дневниот ред **Предлог – Одлука** за распределба на дивиденда и утврдување на дивиденден календар на НЛБ Банка АД Скопје за 2018 година. --------------------------------------------------------------------

Претседавачот на собранието истакна согласно Законот за трговските друштва по одобрувањето на годишната сметка и на финансиските извештаи и утврдувањето на постоењето добивка за распределба Собранието на акционери го определува делот кој што им се доделува на акционерите во форма на дивиденда, според редот и класата на акциите.НЛБ Банка АД Скопје има вкупно издадено 854.061 обични акции и секој акционер има право на дивиденда соодветно на бројот на акции кои ги поседува. Претседавачот на собранието праша дали некој бара збор. Како никој друг не се јави за збор Претседавачот на собранието Предлог – Одлуката за распределба на дивиденда и утврдување на дивиденден календар на НЛБ Банка АД Скопје за 2018 година, која е прилог на овој записник, ја стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката е усвоена. ЗА предлогот гласаа 748.351 акции со право на глас, ПРОТИВ, ВОЗДРЖАНИ нема.--------------------------------------------------------------------

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за распределба на дивиденда и утврдување на дивиденден календар на НЛБ Банка АД Скопје за 2018 година**, со содржина како Предлог-Одлуката.--------------------------------------------------------------------

Се премина на точка **13** од Дневниот ред **Предлог – Одлука** за измени и дополнување на Статутот на НЛБ Банка АД Скопје.--------------------------------------------------------------------

Претседавачот на собранието по оваа точка истакна дека Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје предлага Одлука за измени и дополнувања на Статутот на Банката. Образложение за предложените измени и дополнувања на Статутот е дел од материјалот на оваа точка. Измените на Статутот се вршат поради дополнување на составот на членовите на Управниот одбор со уште еден член на Управниот одбор, при што Управниот одбор во иднина ќе брои 4 члена. Од оваа причина направена е измена во надлежностите на секој член на Управниот одбор, при што се задржува линијата на раздвоеност и јасна огранизациска поставеност на линијата на контрола.Зголемувањето на бројот на членовите на Управниот одбор се предлага поради усогласување на организациската структура на членови на Управниот одбор во рамки на НЛБ Групацијата, како и поради преголем опсег на надлежности кои се распределени помеѓу постојните членови на Управниот одбор на Банката.Имено, со поделбата на надлежностите помеѓу членовите на Управниот одбор се постигнува независно, објективно и ефикасно извршување на функциите на контрола, јасна поставеност на функциите која овозможува избегнување на судир на интересите, а од друга страна воспоставува ефикасен механизам на соработка меѓу организациските единици кои преземаат ризик и оние кои го следат ризикот. Дополнително, направено е усогласување на текстот на Статутот согласно допис

добиен од Комисијата за хартии од вредност, во насока на негова усогласеност со важечката законска регулатива во надлежност на Комисијата за хартии од вредност(Законот за хартии од вредност и Законот за трговски друштва).Оваа предложена одлука ќе стапи на сила по добивање на Согласност од Гувернерот на НБРСМ.----------

Претседавачот на Собранието праша дали некој бара збор. Како никој не се јави за збор, Предлог – Одлуката за измени и дополнувања на Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, која е прилог на овој записник, ја стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог – Одлуката, едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 748.351 акции со право на глас, ПРОТИВ , ВОЗДРЖАНИ нема.----------

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за измени и дополнувања на Статутот на НЛБ Банка АД Скопје**, со содржина како Предлог-Одлуката.----------

Се премина на точка **14** од Дневниот ред **Предлог - Одлука за назначување Друштво за вршење ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје за 2019 година.**----------

Претседавачот на собранието истакна дека согласно Законот за банките, Собранието на акционери избира друштво за ревизија на Банката, па ја посочи Предлог – одлуката според која се предлага Друштво за вршење на ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје спред регулативата на НБРСМ за 2019 година се предлага да биде ревизорското друштво кое ќе го одбере Групацијата НЛБ за 2019 доколку го исполнува членот 105 од Законот за банките на Република Северна Македонија. Покрај ова, се предлага друштво за вршење на ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје во согласност со ИФРС и регулативата на НЛБ д.д. Љубљана за консолидациски цели, да се избере групацискиот ревизор на НЛБ Групацијата за 2019 година кој е избран од страна на НЛБ д.д.Љубљана.----------

Претседавачот на собранието праша дали некој бара збор. Како никој не се јави за збор, Предлог -Одлуката за назначување Друштво за ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје за 2019 година, која е прилог на овој записник, ја стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 748.351 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.----------

Претседавачот на Собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за назначување Друштво за ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје за 2019 година**, со содржина како Предлог-Одлуката.----------

Се премина на точка **15** од Дневниот ред **Информација за поднесена оставка од член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје**;----------

Претседавачот на собранието по оваа точка од дневниот ред односно по Информацијата за поднесена оставка од г.Петер Зелен, член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје, која е прилог на овој записник, истакна дека членот на Надзорниот одбор Г-дин Петер Зелен до Собранието на акционери на НЛБ Банка АД Скопје поднесе оставка од функцијата на член на Надзорниот одбор на Банката на ден 24.04.2019 година, заверена од Нотар Миро Кошак од Љубљана под бр.ОВ 2520/2019 од 21.05.2019 година, со Известување за оставака на функција, кое е прилог на овој записник. Имено, согласно лен 364 од Законот за трговските друштва по поднесена оставка не се одлучува за нејзино прифаќање.Се смета дека членот на Надзорниот одбор му престанал мандатот со денот на поднесувањето на известувањето за оставката.Согласно Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, Надзорниот одбор го сочинуваат 6 членови кои ги именува и разрешува Собранието на банката, по согласност од Гувернерот на Народна банка на РСМ.Законскиот минимум на членови на Надзорниот одбор согласно Законот банките е 5 члена, па оттука земајќи ја во предвид оставката на г-дин Зелен, НЛБ Банка АД Скопје во овој момент работи со законски пропишаниот минимум на членови на Надзорниот одбор.----------

Како никој не се јави за збор, Претседавачот на Собранието констатира дека Собранието ја разгледа и ја прифати **Информацијата за поднесена оставка од член на Надзорниот одбор, г-дин Петер Зелен.**

Се премина на точка 16 од Дневниот ред **Предлог – одлука за именување на член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје.**

Претседавачот на собранието по оваа точка истакна дека имајќи ја предвид оставката на членот на Надзорниот одбор Г-дин Петер Зелен од доминантниот акционер НЛБ дд Љубљана даден е предлог за именување на Г-ѓа Кристина Ковачич Бјелајац за нов член на Надзорен одбор на НЛБ Банка АД Скопје за период до завршување на мандатот на г-дин Петер Зелен односно до 29.08.2021 година. Во прилог на материјалите за ова Годишно собрание е Биографијата на г-ѓа Кристина Ковачич Бјелајац, која е прилог на овој записник. Согласно 58 од Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, во случај на предвремено престанување на функцијата на член на Надзорниот одбор на правата наредна седница на Собранието на Банката се вршат избори за испразнетото место за остатокот од мандатот.Имено, г-дин Петер Зелен е именуван за член на Надзорниот одбор на Годишно собрание на акционери одржано на ден 11.05.2017 година.Народната банка на РСМ за г-дин Петер Зелен има донесено Решение со кое му се издава претходна согласност за именување на член на Надзорен одбор за период од 4 години, сметано од 29.08.2017 година. Согласно наведеното, се предлага мандатот за предложениот член на Надзорниот одобор г-ѓа Кристина Ковачич Бјелајац да трае до завршувањето на мандатот на г-дин Петер Зелен односно до 29.08.2021 година. Претседавачот на Собранието праша дали некој бара збор. Како никој не се јави за збор, Предлог – Одлуката за именување на член на Надзорниот одбор, која е прилог на овој записник, ја стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог – Одлуката за именување на Кристина Ковачич Бјелајац за член на Надзорниот одбор е едногласно усвоена. ЗА предлогот гласаа 748.351 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за именување на член на Надзорниот одбор**, со содржина како Предлог-Одлуката.

Поради исцрпување на дневниот ред, Претседавачот го заклучи Годишното собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје во 12:10 часот (дванаесетчасотидесетминути).

Овој записник лично го составив на четиринаесет страници од четиринаесет листа, го следев целокупниот тек на седницата на Годишното собрание на акционери и истиот содржи опис на сите дејствија што се случија на седницата, а кои се од важност за оценка на законитоста на постапката за донесување на одлуките, за што Претседавачот на Собранието потврди дека неговата содржина одговара на фактичката состојба, па во знак на согласност со неговата содржина своерачно го потпишува.

**Претседавач на Годишно собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје**

______________________с.р.

**Акционер Донка Марковска**

При составување на записникот се издадени изводи еден за учесникот НЛБ Банка АД Скопје со сите прилози кон оваа исправа и еден без прилози кон оваа исправа, еден за Народна Банка на Република Македонија со сите прилози кон оваа исправа, еден за упис во Централен Регистар на Република Македонија-Скопје, без прилози кон оваа исправа, а изворникот се чува во архивот на Нотарот.

Нотарска награда по член 41 и 54 од Нотарската тарифа е пресметана во износ од *13.500,оо* денари и надоместок на трошоци по член 52 од Нотарската тарифа е пресметан во износ од *1.800,00* денари.

ОДУ.бр.286/19

Во Скопје 2019.05.30-Дввилјадитаидеветнаесета година, месец мај, ден триесети.

НОТАР
НАДА ПАЛИЌ

Јас НОТАР, **НАДА ПАЛИЌ**

ул. Пролет бр. 35А Скопје

(име, презиме и седиште - адреса)

потврдувам дека овој извод е идентичен со изворникот.

Овој е цел извод - потполн - во извадок, кон кого не се приложени - се / приложени / преписи од прилогот на нотарската исправа.

Број: ОДУ 286/19

Во Скопје 30.05.2019 година

НОТАР

(потпис и печат)

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
НАДА
ПАЛИЌ
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
НАДА
ПАЛИЌ
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
НАДА
ПАЛИЌ
СКОПЈЕ